**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ ВО 2022 ГОДИНА

Скопје, јули 2023 година

**<u>СОДРЖИНА:</u>**

**1.ВОВЕД**........................................................................................................ 5

**2.ПОИМ И ВИДОВИ МЕРКИ** ................................................................... 6

**3 ОБЕМ НА РАБОТА И СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД** ................................... 7

3.1 Преглед на примената на посебните истражни мерки по вид и по кривично дело ............................................................................................ 8

**4. ЗАКЛУЧОК**...................................................................................15

# I. ВОВЕД

Законот за кривичната постапка, во членот 39, меѓу правата и обврските на јавниот обвинител, предвидува дека: „Во предметите за кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност, јавниот обвинител има право и должност да:

– предлага или да издава наредба за преземање на посебни истражни мерки, под услови и на начин определени со овој закон“.

Посебните истражни мерки се силен и адекватен одговор за спротивставување и пресретнување на различните облици на организиран криминал, корупција, тероризам и другите тешки облици на криминал.

Современите облици на криминалот, а особено тешкиот и организираниот криминал не може да се откријат и за нив да се обезбедат докази без примена на посебни истражни мерки. Тие се определуваат само за потешки кривични дела и тогаш кога е веројатно дека со другите доказни средства нема да биде возможно и доволно ефикасно обезбедувањето на податоците и доказите неопходни за успешно водење на кривичната постапка.

Меѓутоа, истовремено, нивната примена претставува навлегување во личните права и слободи на поединецот. Од тие причини, неопходно е да се постигне своевиден баланс помеѓу интересот на ефикасниот кривичен прогон и почитувањето на основните човекови права и слободи.

За таа цел, од исклучително значење е отчетноста на институциите надлежни за кривичен прогон при употребата на посебните истражни мерки.

Согласно чл.271 од Законот за кривичната постапка, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија има обврска еднаш годишно да достави извештај до Собранието на Република Северна Македонија, за посебните истражни мерки што се побарани во претходната календарска година.

Овој извештај статистички ја прикажува динамиката на примената на посебните истражни мерки, преку бројот на постапките и издадените наредби за примена, бројот на набљудувани објекти и лица, кривичните дела за кои биле применети овие мерки, времетраењето на секоја мерка одделно и сл. Во извештајот се изложени и резултатите кои произлегле од примената на посебните истражни мерки, а кои се релевантни за постапката.

## II. ПОИМ И ВИДОВИ МЕРКИ

Посебните истражни мерки, по својата природа, претставуваат смислено нарушување на одредени човекови слободи и права загарантирани со Уставот и со меѓународните документи, а заради остварување на повисоки цели - заштита на општеството и граѓаните од тешки форми на криминал и ефикасна и успешна борба против него. Со посебните истражни мерки на органите на кривичниот прогон не само што значително им се надминуваат или намалуваат потешкотиите при откривањето и гонењето на организираниот и тешкиот криминал, туку им се овозможува и активна улога уште во претходната постапка.

Од овие причини, примената на ваквите мерки е прецизно регулирана во Законот за кривичната постапка како и во другите закони (Закон за следење на комуникациите) и е предвидена само во строго определени случаи кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, а кои на друг начин не можат да се приберат.

Дополнително, оперативната примена на ваквите мерки подетално е разработена и реглирана и со подзаконски акти – задолжителни упатства.

Посебните истражни мерки, нивниот вид и број пропишани се во чл.252 од ЗКП, и тоа:

- следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон од член 252 ст.1 т.1;
- следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации од член 252 ст.1 т.2;
- тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен од член 252 ст.1 т.3;
- таен увид и пребарување во компјутерски систем од член 252 ст.1т.4;
- автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци од чл.252 ст.1т. 5;
- увид во остварени телефонски и други електронски комуникации од член 252 ст.1т.6;
- симулиран откуп на предмети од член 252 ст.1 т.7;
- симулирано давање и примање поткуп од член 252 ст.1 т.8;
- контролирана испорака и превоз на лица и предмети од член 252 ст.1 т.9;
- користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи од член 252 ст.1т.10;

- отворање симулирана банкарска сметка од член 252 ст.1 т.11;
- симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци од член 252 ст.1 т.12.

## III. ОБЕМ НА РАБОТА И СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД

Во основните јавни обвинителства во Република Северна Македонија во текот на 2022 година, со посебни истражни мерки од чл.252 од ЗКП беа опфатени вкупно 413 лица со утврден идентитет, 2 лица со неутврден идентитет и 136 предмети на кривично дело. Или доколку се анализира бројот на случаи, со примената на посебните истражни мерки се обезбедуваа докази во вкупно 53 случаи по кои постапуваа јавните обвинителства.

За споредба, во претходната 2021 година, во сите основни јавни обвинителства беа применети посебни истражни мерки во вкупно 59 случаи против 204 лица со утврден идентитет, 11 лица со неутврден идентитет и 126 предмети на кривично дело.

Според тоа, се констатира дека во текот на 2022 година постои намалување на бројот на случаи во кои биле спроведени посебни истражни мерки во однос на 2021 и тоа од 59 на 53 случаи. Но, во исто време, бројот на лица со утврден идентитет против кои се применувале вакви мерки е зголемен од 204 лица во 2021 година на 413 лица во 2022 година, што претставува практично удвојување на бројот на лица опфатени со мерките. Кај лицата со непознат идентитет се регистрира намалување од 11 во 2021 година на 2 лица со непознат идентитет за кои се применувале мерки во 2022 година. Во делот на мерките кои се применувале спрема предмети, пак, се регистрира извесно зголемување бројката - од 126 предмети опфатени со посебни истражни мерки во 2021 година на 136 во 2022 година.

Сепак, вкупните статистички податоци на бројот на случаи и бројот на лица со утврден и со неутврден идентитет спрема кои се спроведени посебни истражни мерки не може да се анализираат како прост збир на поединечните бројки за примената на посебните истражни мерки по вид и по кривично дело. Ваквата состојба е резултат на фактот дека најчесто во пракса во еден случај не се применува посебна истражна мерка само по еден основ, туку во повеќето случаи се комбинира примена на повеќе видови на посебни истражни мерки со цел поефикасно прибирање на доказите неопходни за кривичната постапка.

На пример, во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК) од сите вкупно применети посебни истражни

мерки, во 24 случаи постои примена на повеќе истражни мерки со нивно заедничко и координирано спроведување, со цел да се приберат неопходните докази кои на друг начин не можат да се обезбедат.

Како иницијатори за поведување на постапка за примена на посебни истражни мерки во извештајниот период во речиси сите случаи се јавуваат органите на правосудната полиција – Министерството за внатрешни работи и Царинската управа, кои поднеле предлози за примена на посебни истражни мерки, додека во еден случај Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, по сопствена иницијатива повело постапка за примена на посебни истражни мерки.

Како пример кој треба да послужи за ориентација во обемот на работа при постапувањето во предметите во кои се вклучени посебни истражни мерки, би нагласиле дека само по примената на мерката од **член 252 ст.1 т.1 (Следење и снимање на телефонските и други електронски комуникации)** јавните обвинители анализираат во просек по 250-300 страници транскрипти од класер врз основа на кои, заедно со други прибрани докази донеле јавнообвинителска одлука за понатамошниот тек на постапката.

## III.1. ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИТЕ ИСТРАЖНИ МЕРКИ ПО ВИД И ПО КРИВИЧНО ДЕЛО

### 1. Мерка од член 252 ст.1 т.1(Следење и снимање на телефонските и други електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон).

Оваа мерка е применета во вкупно 37 случаи, против 175 лица од кои 173 со утврден идентитет и 2 лица со неутврден идентитет.

Во 7 случаи примената на мерката траела до 1 месец, во 18 случаи до 2 месеци, во 2 случаи до 3 месеци, во 7 случаи до 4 месеци, во 3 случаи до 6 месеци и и во 1 случај до 12 месеци.

Како резултат на доказите прибавени од примената на посебните истражни мерки во 8 случаи е поднесено обвинение, во 18 случаи е запрена истражната постапка, бидејќи не се обезбедени доволно докази, во 1 случај мерката е прекината и во 5 случаи мерката е во тек.

Во однос на 2021 година, кога имало 44 случаи против 161 лица од кои 149 лица со утврден и 11 лица со неутврден идентитет, во 2022 година се забележува намалување од 3% кај случаите во кои е применета, но кај опфатот на лицата постои зголемување од 22%.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори) во 27 случаи за 112 лица
- чл.258 од КЗ (Изнуда) во 1 случај за 5 лица
- чл.261 од КЗ (Прикривање) во 1 случај за 14 лица
- чл.264 од КЗ (Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости) во 1 случај за 14 лица
- чл.266 од КЗ (Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости) во 1 случај за 14 лица
- чл.322 одКЗ (Служба во непријателска војска) во1случај за 11 лица
- чл.353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување) во1случај за 3 лица
- чл.357 од КЗ (Примање поткуп) 2 случаи за 18 лица
-чл.394 од КЗ (Злосторничко здружување) во 2 случаи, за 18 лица
- чл.394-а од КЗ (Терористичка организација) во1 случај за 11 лица
- чл.394-б од КЗ (Тероризам) во 1 случај за 11 лица
- чл.394-в од КЗ (Финансирање на тероризам) во1 случај за 11 лица
- чл.396 од КЗ (Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи) 2 случаи за 36 лица
- чл.418-б од КЗ (Криумчарење на мигранти) во 3 случаи за 35 лица
- чл.418-в од КЗ (Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти) во 4 случаи за 48 лица

**2. Мерка од член 252 ст.1 т.2 (Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации).**

Оваа мерка е применета во вкупно 2 случаи и со неа биле опфатени вкупно 3 лица и 2 предмети.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанцииии прекурсори) во 1 случај за 2 предмети
- чл.353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување) во 1 случај за 3 лица
- чл.357 од КЗ (Примање поткуп) - 1 случај за 3 лица
- чл.394 од КЗ (Злосторничко здружување) во 1 случај, за 3 лица

Во 1 случај примената на мерката траела до 2 месеци, и во 1 случај до 4 месеци.

Како резултат на доказите прибавени од примената на посебните истражни мерки во 1 случај е донесена пресуда, а во еден случај постапката е во тек.

Претходно, во 2021 година оваа мерка воопшто не беше применета .

**3. Мерка од член 252 ст.1 т.3 (Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен).**

Оваа мерка е применета во вкупно 42 случаи против 182 лица со утврден идентитет и против 71 предмети врз кои се применувала мерката.

Во 12 случаи примената на мерката траела до 1 месец, во 19 случаи до 2 месеци, во 1 случај до 3 месеци, во 8 случаи до 4 месеци, во 3 случаи до 6 месеци и во 1 случај до 12 месеци.

Како резултат на доказите прибавени од примената на посебните истражни мерки во 12 случаи постапката е запрена поради тоа што не биле обезбедени доволно докази или поради протек на времето за кое е определена мерката, во 9 случаи поднесено е обвинение, во 2 случаи донесени се пресуди врз основа на спогодба, во 1 случај мерката е прекината и во 3 случаи мерката е во тек.

Во однос на 2021 година кога мерката била применета во 40 случаи против 183 лица со утврден идентитет и 126 предмети на кривично дело, во извештајната година има зголемување кај случаите за 2, додека опфатените лица се речиси во идентичен број. Бројот на опфатени предмети со ваква мерка е намален за 69 % во однос на претходната година.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори), во 33 случаи за 112 лица
- чл.258 од КЗ (Изнуда) во 1 случај за 5 лица
- чл.261 од КЗ (Прикривање) во 1 случај за 14 лица
- чл.264 од КЗ (Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости) во 1 случај за 14 лица
- чл.266 од КЗ (Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости) во 1 случај за 14 лица
- чл.322 од КЗ (Служба во непријателска војска) во 1 случај за 11 лица

- чл.353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување) во 1 случај за 3 лица
- чл.357 одКЗ (Примање поткуп) 3 случаи за 13 лица
- чл.359 од КЗ (Примање награда за противзаконито влијание) 2 случаи за 2 лица
- чл.394 од КЗ (Злосторничко здружување) во 2 случаи за 11 лица
- чл.394- а од КЗ (Терористичка организација) во 1 случај за 11 лица
- чл.394-б од КЗ (Тероризам) во1 случај за 11 лица,
- чл.394-в од КЗ (Финансирање на тероризам) во1 случај за 11 лица,
- чл.396 од КЗ (Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи) 2 случаи за 31 лице
- чл.418-б од КЗ (Криумчарење на мигранти) во 3 случаи за 46 лица
- чл.418-в од КЗ (Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти) во 4 случаи за 52 лица
- чл.418-г од КЗ (Трговија со дете) во1 случај за 3 лица

**4. Мерката од чл.252 ст.1 т.4 (Таен увид и пребарување во компјутерски систем), не била применета во ниту еден случај.**

**5. Мерката од чл.252 т.5 (Автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на лични податоци), не била применета во ниту еден случај.**

**6. Мерка одчлен 252 ст.1 т.6 (Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации)**

Оваа мерка е применета во 2 случаи против 2 лица со утврден идентитет, како и против 18 предмети врз кои се применувала мерката.

Во 2 случаи примена на мерката траела до 1месец.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.418-б од КЗ (Криумчарење на мигранти) во 2 случаи за 2 лица

Како резултат на доказите прибавени од примената на посебната истражна мерка донесена е пресуда врз основа на признание на вина, за 1 случај примена на мерките е во тек.

Во 2021 година оваа мерка била применета во 4 случаи и против 14 лица со утврден идентитет, како и против 8 предмети, што значи дека во извештајната година има преполовување на бројот на случаи во кои била искористена ваквата мерка.

**7. Мерка од член 252 ст.1 т.7 (Симулиран откуп на предмети).**

Оваа мерка е применета во 5 случаи против 22 лица со утврден идентитет. Во 1 случај постапката траела до 1 месец, во 1 случај до 2 месеци и во 3 случаи до 4 месеци.

Во 4 случаи (против 12 лица) донесени се наредби за спроведување на истрага, и во 1 случај е запрена примена на мерките поради протек на време, а не се обезбедени докази.

Во однос на 2021 година кога оваа мерка била применета во 5 случаи против 15 лица со утврден идентитет, во 2022 година има идентичен број на случаи, но кај опфатените лица се регистрира зголемување за 7 лица.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори), во 1 случај против 1 лице
- чл.261 од КЗ (Прикривање) во 1 случај за 16 лица
- чл.264 од КЗ (Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости) во 1 случај за 16 лица
- чл.266 од КЗ (Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости) во 1 случај за 16 лица
- чл.396 од КЗ (Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи) во 1 случај за 16 лица

**8. Мерката од член 252 ст.1 т.8 (Симулирано давање и примање поткуп)**

Оваа мерка е применета во 4 случаи против 5 лица со утврден идентитет. Примената на мерката во сите 4 случаи траела до 1 месец.

Во 2021 година оваа мерка беше применета во 2 случаи против 3 лица со утврден идентитет и 9 предмети, што значи дека во 2022 година бројот на случаи во кои се применувала ваква мерка е удвоен.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.357 од КЗ (Примање поткуп), во 3 случаи против 5 лица
- чл.359 од КЗ (Примање награда за противзаконито влијание) 1 случај за 2 лица

**9. Мерката од член 252 ст.1 т.9 (Контролирана испорака и превоз на лица и предмети).**

Оваа мерка е применета во 1 случај против 2 лица со утврден идентитет, како и против 40 предмети врз кои се применувала мерката. Во 1 случај примена на мерката траела до 1 месец.

Како резултат на спроведената истрага донесена е пресуда за 2 лица од кои едната е со спогодба. Во 2021 година оваа мерка воопшто не беше применета.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори) во 1 случај против 2 лица.

**10. Мерката од член 252 ст.1 т.10 (Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи).**

Оваа мерка е применета во 7 случаи против 49 лица со утврден идентитет.

Во 2 случаи примената на мерката траела до 1 месец, во 1 случај траела до 2 месеци и во 2 случаи до 4 месеци, во 1 случај до 6 месеци и во 1 случај до 12 месеци.

Во 4 случаи донесени се наредби за спроведување истрага, во 7 случаи за 8 лица примената на мерките е запрена поради протек на време, а во 3 случаи против 19 лица примената на мерките е во тек.

**Кривични дела за кои е применета оваа посебна истражна мерка:**

- чл.215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори) во 6 случаи за 27 лица
- чл.261 од КЗ ( Прикривање ) во 1 случај за 22 лица
- чл.264 од КЗ (Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости) во 1 случај за 22 лица
- чл.266 од КЗ (Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости) во 1 случај за 22 лица
- чл.396 од КЗ (Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи) во 2 случаи за 39 лица
- чл.418-б од КЗ (Криумчарење на мигранти) во 1 случај за 17 лица

- чл.418-в од КЗ (Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти) во 1 случај за 17 лица

Во однос на 2021 година кога оваа мерка била применета во 6 случаи против 17 лица со утврден идентитет, во 2022 година бројот на случаи е речиси ист (зголемен само за еден), но бројот на лица опфатени со ваква мерка е зголемен за 32.

**11. Мерката од член 252 ст.1 т.11 (Отварање симулирана банкарска сметка), не била применета во ниту еден случај.**

**12. Мерката од член 252 ст.1 т.12 (Симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци), не била применета во ниту еден случај.**

## IV. ЗАКЛУЧОК

Од примената на посебните истражни мерки во 2022 година, забележително е дека има минимално намалување на бројот на случаи во кои биле применети вакви мерки во однос на 2021 година, но затоа во истиот период удвоен е бројот на опфатени лица, а исто така и бројот на предмети кои биле опфатени со мерките бележи благ нагорен тренд.

Ова укажува на фактот дека предмет на кривичен прогон биле посложени облици на организиран криминал и криминални организации кои претставуваат и најголема општествена опасност и токму заради нивното сузбивање се воведени овие алатки како инструмент за справување со овие штетни појави.

Како најприменувани посебни истражни мерки во континуитет со минатите години се мерките од член 252 ст.1 т.1 (Следење и снимање на телефонските и други електронски комуникации) и од член 252 ст.1 т.3 (Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен). Ова укажува дека овие мерки се покажуваат како најкорисни инструменти кои даваат резултати.

Како и минатите години, забележително е дека посебните истражни мерки во најголем број случаи се применувале за обезбедување докази за кривичното дело - Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и перкурсори од чл.215 од КЗ, додека за другите кривични дела определени се во помалку случаи.

Посебните истражни мерки за Јавното обвинителство ги спроведува Министерството за внатрешни работи кое не доставува извештај за трошоци за примена на овие мерки и затоа во овој извештај не се содржани податоци за финансиски импликации од примена на мерките. МВР посебните истражни мерки ги спроведува во рамки на своите редовни надлежности, па од тие причини не може да се направи издвоена анализа за трошоците.

Неопходно е да се истакне дека во однос на 2021 година, примената на посебните истражни мерки во 2022 година била поефикасна, бидејќи поголем број случаи завршиле со понатамошни постапки, отварање на истрага и подигнување на обвинение.

Мерките се применувани само во ситуации во кои не постоела можност со други доказни средства да се прибават докази.

Детерминираноста за примената на посебните истражни мерки во борбата против организираниот криминал и корупција, произлегува од потребата за сузбивање на дејствијата во една претходна постапка и обезбедување квалитетни докази за кривичен прогон. Во спротивно борбата против овој тежок криминал би била неефикасна.

Потребата од овој вид мерки за обезбедување на доказите, се потврдува и со фактот што значителен број истраги во кои биле користени, завршиле со разоткривање и разбивање на криминални структури, заплени, обвиненија и осудителни пресуди.

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Љубомир Јовески**